ООУ„ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – ЦЕНТАР, СКОПЈЕ

# К О Д Е К С

## на однесување на ученици во училиштето

- Ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава како и да ги извршуваат сите обврски утврдени со Годишната програма на училиштето;
- Ученикот е должен да го почитува протоколот на движење во и надвор од училиштето според дадените ознаки;
- Се забранува поздравување со физички контакт меѓу учениците;
- Учениците не смеат да се задржуваат по ходниците на училиштето;
- Ученикот е должен да одржува физичко растјание од 1,5м;
- Ученикот е должен да носи заштитна маска;
- Се забранува симнување на заштитната маска од лицето во внатрешноста на училиштето;
- Ученикот е должен да ги почитува насоките од редарската служба да ги дезинфицира рацете и обувките и да дозволи да му биде измерена телесна температура;
- На часовите ученикот е должен да го одржува физичкото растојание од 1,5 м и да носи заштитна маска за време на часот;
- Доколку наставата се реализира на отворено ученикот не е должен да носи заштитна маска но има обврска да ја почитува физичката дистанца;
- Ученикот е должен редовно да носи училишен прибор, учебници и тетратки и истите да не ги позајмува или разменува со учениците;
- Доколку ученикот остане без својата заштитна маска се обраќа до одговорниот наставник за да му се даде нова;
- За одење во тоалет ученикот е пропратен од дежурен наставник;
- Оброкот на учениците мора да биде соодветно спакуван;
- Учениците оброкот го консумираат во училница во која реализираат настава;
- Учениците се должни да ги мијат рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани;
- Доколку ученикот развие симптоми на КОВИД 19 должен е да ги почитува насоките од наставникот за изолација.

в.д. Директор

Соња Кирковска